08-2396/14
26-07-2021

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 50-тата седница одржана на ден 21.07.2021 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 08-2396/1 од 12.04.2019 година, оформен по доставена анонимна пријава за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на _______________, поднесен по избор на функцијата _______________, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-2396/1 од 12.04.2019 година, и со него споените предмети број 08-5733/1 од 23.12.2019 година и број 08-3192/1 од 19.06.2019 година.

Предметот со број 08-2396/1 од 12.04.2019 година, и со него споените предмети број 08-5733/1 од 23.12.2019 година и број 08-3192/1 од 19.06.2019 година да се затворат и да се архивираат.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### *Образложение*

Предметот број број 08-2396/1 од 12.04.2019 година е оформен по доставена анонимна пријава во која се укажува дека _______________________, поседува стан во Скопје кој е негова сопственост или сопственост на членовите на неговото семејство и дека станот не го пријавил до ДКСК.

Кон предметот по заклучоци на ДКСК се споени предметите број 08-5733/1 од 23.12.2019 година и број 08-3192/1 од 19.06.2019 година со оглед на фатот дека се работи за предмети кои се однесуваат на исто лице и со идентични наводи.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба, за имотот на ______________ и за имотот на членовите на неговото семејство прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од надлежните институции и нивниото споредување со податоците од анкетниот лист на ___________, поднесен по именување на функцијата _________________, како и по увидот во својата евиденција ја утврди следната фактичка состојба:

Со договор за купопродажба на недвижен имот склучен на ден 27.06.2019 година (солемнизиран на 30.07.2019 година), ____________ купил недвижен имот стан во Скопје со површина од 43 м2 и помошни простории од 3 м2 по цена од 3.240.739,00 денари. На станот е засновано заложно право во Комерцијална банка АД Скопје.

Со образец за пријавување промени на имотната состојба поднесен до ДКСК на ден 12.08.2019 година _______________ го пријавил наведениот недвижен имот при што пријавил дека за купување на истиот е склучен договор за кредит со Комерцијална банка АД Скопје.

Од навденото произлегува дека не се потврдуваат наводите од пријавата.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок на ДКСК:
Изготвил: А.Ч, рак.на одделение
Одобрил: Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**